(2004)5
Georg-Eckert-Institut BS78
1 034 620 1

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

- ПРЕДМЕТНА НАСТАВА -

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# ИСТОРИЈА

V одделение

Скопје, 2004 година

V ОДДЕЛЕНИЕ

Georg-Eckert-Institut
für internationale
Schulbuchforschung
Braunschweig
-Schulbuchbibliothek -
2005|2022

**(неделно: 2 часа; годишно: 72 часа)**

**ЦЕЛ НА НАСТАВАТА**

Цел на наставата по историја во основното образование е учениците да усвојат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста, да придонесе во изградување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави, кон она што претставува цивилизациско достигнување во светот во духот на граѓанските вредности и демократија, како и да го продлабочи интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси.

**З А Д А Ч И :**

- учениците да ги разликуваат историските периоди и да можат да ги наведат основните карактеристики;
- да можат да ги илустрираат различните начини на сметањето на времето кај старите народи;
- да ги ставаат во врска општествените уредувања на државите на речните цивилизации од стариот Исток со нивните посебни карактеристики;
- да ги издвојуваат заедничките карактеристики на државите од стариот век;
- да ги разграничуваат одделните историски појави и процеси од предисторијата и стариот век;
- да го објаснуваат значењето и придонесот на историските личности од овој период во развојот на економијата, науката, културата и сл.;
- да ги изложуваат, во главни црти, основните одлики на хеленската, римската, старомакедонската култура;
- да ги издвојуваат најкрупните придобивки од појавата, развојот и јакнењето на македонската држава во развојот на науката, културата и сл. врз развојот на другите народи во светот;
- да ги посочуваат разликите и сличностите на балканските народи низ историјата на стариот век;
- да ги користат и соодветно ги употребуваат поимите и термините од овој период како што се: племенска организација, иригационен систем, фараон, демос, град-држава (полис), фаланга, народни трибуни, колонат, царство (империја), колонизација, демократија, тиранија, република, востание, провинција, апостол, реформа, христијанство, цивилизација.

| НАСТАВНА ТЕМА: В О В Е Д | | |
|---|---|---|
| **С О Д Р Ж И Н И** | **ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ** | **СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ** |
| 1. МАКЕДОНИЈА НАША ТАТКОВИНА | - Учениците да се запознаат со географскиот и етничкиот состав на Република Македонија;<br>- да ги идентификуваат народите кои живеат во Република Македонија со нивните култури, обичаи и различности. | - Карти на Р. Македонија;<br>- историска карта на Европа, Азија, Африка од праисторијата;<br>- историски атлас;<br>- историска читанка;<br>- слики (историски извори);<br>- лента на времето;<br>- лента на историски периоди;<br>- вежбање на лента на времето;<br>- истражување на локалната средина, географски и историски објекти и карактеристиките на локалните историсски остатоци за својата локална средина. |
| 2. ИСТОРИЈАТА И НЕЈЗИНОТО ЗНАЧЕЊЕ | - Зошто се учи историјата;<br>- определување на предметот историја и задачите на историјата како наставен предмет;<br>- материјални, пишани документи; сочувани усни преданија) кои ги истакнуваат нивните вредности;<br>- сметање на времето кај старите народи, да го препознаваат и да ги именуваат на старите временски мерки;<br>- да ги определуваат и објаснуваат историските периоди ( стар век, среден век, нов и најново време). | |

| НАСТАВНА ТЕ М А: П Р А И С Т О Р И Ј А | | |
|---|---|---|
| **СОДРЖИНИ** | **ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ** | **СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ** |
| 1. НАСТАНОК НА ЧОВЕТКОТ | - Учениците да го објаснуваат развитокот на човекот и животот во најстарата заедница;<br>- да ги препознаваат теориите за настанокот на човекот според религијата и според науката;<br>- да ја дефинираат работата на човекот во настанувањето на човекот;<br>- да знаат за собирачите на храна во старо камено време и ловците;<br>- да знаат за откривањето на огнот и животот во орди. | - Историски атлас;<br>- историска читанка;<br>- слики и цртежи;<br>- елемент – филм, камено време, метално време;<br>- карта на Балканот;<br>- карта на етничка Македонија;<br>- посета на музеј;<br>- археолошки музеј |
| 2. ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ ВО КАМЕНО И МЕТАЛНО ВРЕМЕ | - Да знаат да ги разликуваат орудијата од камено и метално време;<br>- да го истакнуваат значењето и употребата на појавата на металите;<br>- да ги разликуваат првите живеалишта што ги прави човекот;<br>- да знаат за начинот на живеење на првите земјоделци и сточари;<br>- да ги разликуваат специфичностите на животот во ордата, родот, братството, племето;<br>- да прават разлика на првобитната сопственост од заедничката сопственост;<br>- да ги издвојуваат основните карактеристики и причините за распаѓање на првобитната заедница и појава на државата. | |

| | | |
|---|---|---|
| 3. ВЕРУВАЊЕТО НА ЧОВЕКОТ ВО НАЈСТАРИТЕ ЗАЕДНИЦИ | - Да ги посочуваат причините за појавата на првите верувања кај луѓето;<br>- да ги илустрираат верувањата на луѓето во природните сили;<br>- да ги регистрираат првите промени на начинот на живеење кај луѓето;<br>- да прават разлика што е тотем, што е многубоштво;<br>- да ја препознаваат првата култура на древните ловци. | |
| 4. БАЛКАНОТ И МАКЕДОНИЈА ВО ПРАИСТОРИЈАТА | - Да ги идентификуваат природните и географските услови на Балканот;<br>- да ги наоѓаат местата на остатоците на материјалната култура на Балканот;<br>- да ги наоѓаат и прават осврт на остатоците на пра историските наоѓалишта и материјалната култура во Македонија. | |

НАСТАВНА ТЕМА: РЕЧНИ ЦИВИЛИЗАЦИИ НА СТАРИОТ ИСТОК

| СОДРЖИНИ | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
|---|---|---|
| 1. НАЈСТАРИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ | - Учениците да ги именуваат најпознатите речни цивилизации и држави што се појавиле во стариот век во Далечниот, Средниот и Блискиот Исток;<br>- да ги наведуваат географските карактеристики и погодности на подрачјата на кои се формирани првите држави: Кина, Индија, Месопотамија;<br>- да го наведуваат создавањето на робови и робовладетели. | - Карта на светот;<br>- карти на Азија, Африка;<br>- историски атлас;<br>- историска читанка;<br>- слики, цртежи;<br>- елемент-филм – Египет; Кина, Индија;<br>- долгометражни ТВ филмови;<br>- дијафилм: општествата во државите од стариот Исток;<br>- изработка на проекти, паноа, портфолија и сл. за Египет, Месопотамија, Индија, Кина, по избор на наставникот;<br>- употреба на видеозаписи. |
| 2. СТАРАТА ЕГИПЕТСКА ДРЖАВА | - Да ги набројуваат какви биле природните услови во Египет;<br>- да го објаснуваат градењето на иригационите системи;<br>- да ги наведуваат занимањата на луѓето во Египет;<br>- да го идентификуваат општественото уредување во Египет;<br>- робови и робовладетели;<br>- да го именуваат обединувањето на египетската држава. | |

| | | |
|---|---|---|
| 3. КУЛТУРАТА И ВЕРУВАЊАТА НА НАРОДИТЕ НА СТАРИОТ ИСТОК | - Учениците да посочуваат примери за појавата на писменоста, достигнувањата во градеж-ништвото, уметноста;<br>- да регистрираат почетоци на појава на науката кај сите речни цивилизации на стариот Исток;<br>- да ги објаснуваат верувањата и нивните специ-фичности кај одделни народи и да ја истакнуваат улогата на религијата во тоа време во општественото уредување кај секоја држава на речните цивилизации;<br>- да ја објаснуваат појавата на првите свештеници и религиозни обреди. | |

| НАСТАВНА ТЕМА: БАЛКАНОТ ВО СТАРИОТ ВЕК | | |
|---|---|---|
| **СОДРЖИНИ** | **ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ** | **СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ** |
| 1. ХЕЛАДА | - Учениците ги разликуваат специфичностите на балканските народи во најстариот период;<br>- природните услови, племенски заедници и сојузи;<br>- го објаснуваат Хомеровото време и првите почетоци на хеленската колонизација. | - Карта на Балканскиот Полуостров;<br>- карта-Хелада во стариот век;<br>- историски атлас;<br>- историска читанка;<br>- дијафилмови – стара Хелада;<br>- илустровани материјали;<br>- слики на споменици на хелинистичката култура. |
| 2. СПАРТА И АТИНА | - Постанокот на полисите, (градовите-држави) и нивните меѓусебни односи;<br>- да ги опишат постанокот и општественото уредување во Спарта;<br>- да го опишуваат спартанското воспитување;<br>- да го истакнат општественото уредување во Атина и да ги истакнат разликите кои постојат помеѓу Спарта и Атина и нивното државно уредување;<br>- да осознаат за атинската демократија;<br>- да осознаат за меѓусебното ривалство помеѓу Спарта и Атина како поголеми градови - држави и нивните меѓусебни односи. | |

| | | |
|---|---|---|
| 3. КУЛТУРАТА НА ХЕЛЕНИТЕ | - Учениците да ги објаснат верувањата на Хелените во натприродните сили;<br>- да знаат за симболите богови – митологија;<br>- да знаат за најголемата средба на хеленските држави на Олимписките игри;<br>- да ја осознаат богатата духовна и материјална култура и културните односи меѓу хеленските градови – држави;<br>- да научат за вредностите на специфичностите на развојот на книжевноста и театарот, архитектурата, градежништвото и уметноста, филозофијата и науката. | |
| 4. ИЛИРИ | - Учениците да се запознаат со географското пространство и неговото потекло;<br>- да знаат за илирските племиња и нивниот развиток во племенскиот живот. | |
| 5. ИЛИРИСКИ КРАЛСТВА | - Да знаат за Енклеијското и Таулантското кралство;<br>- да се запознаат со Ардианското и Епириското кралство;<br>- да се запознаат со Дарнданското кралство. | |
| 6. КУЛТУРАТА НА ИЛИРИТЕ | - Да знаат за јазикот на Илирите;<br>- да знаат за културата и религијата на Илирите. | |

| НАСТАВНА ТЕМА: МАКЕДОНИЈА ВО СТАРИОТ ВЕК | | |
|---|---|---|
| **СОДРЖИНИ** | **ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ** | **СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ** |
| 1. МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА ДО ФИЛИП II | - Учениците да го осознаат најстариот период на македонската историја, нејзината територија, природните услови и населението;<br>- да се запознаат со формирањето на државата;<br>- да ги истакнат разликите и сличностите меѓу старите и денешните Македонци; да го објаснуваат потеклото и името на Македонија. | - Карта на Македонија;<br>- карта на македонската држава во IV век пред н.е.;<br>- историски атлас;<br>- слики – Пела, Филип II, портрет на Александар III, М<br>- мозаик од битката на Ис;<br>- македонско сонце;<br>- светилникот Фарос;<br>- да се работи преку истражување и повеќе техники и самите ученици да прават заклучоци. |
| 2. МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА ВО ВРЕМЕТО НА ФИЛИП II | - Учениците да ги идентификуваат воените реформи во државата;<br>- да го опишуваат јакнењето на македонската држава во времето на Филип II;<br>- да ги препознаваат специфичностите и карактеристиките на неговото владеење;<br>- да знаат за значењето на македонската држава. | |
| 3. МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА ВО ВРЕМЕТО НА АЛЕКСАНДАР III МАКЕДОНСКИ | - Учениците го објаснуваат доаѓањето на Александар III Македонски на чело на државата;<br>- ги опишуваат походите и ширењето на Македонската држава;<br>- да ги знаат и паметат походите и ширењето на македонската држава;<br>- да се истакнат способностите за водење, управување со македонската војска – фаланга;<br>- да знаат за значењето на македонската држава. | |

| | | |
|---|---|---|
| 4. АЛЕКСАНДАР III МАКЕДОНСКИ | - Учениците да знаат какво и од кого стекнал образование и воспитание Александар III Македонски за да стане голем војсководач;<br>- да знаат за визијата на Александар III Македонски за рамноправност, толерантност и заедничко живеење на народите. | |
| 5. КУЛТУРАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ | - Учениците да ја идентификуваат посебноста на македонскиот јазик, религија, уметност и да ги споредуваат со другите;<br>- да знаат за начинот на живеење на Македонците;<br>- да ги лоцираат и запознаат остатоците од материјалната култура од овој период во Македонија. | |
| 6. ХЕЛИНИСТИЧКИ ПЕРИОД | - Учениците да го објаснат распаѓањето на македонската држава на Александар III Македонски;<br>- да знаат за создавањето на хелинистички држави;<br>- да знаат да го употребуваат поимот хелинизам;<br>- да научат за хелинистичката култура, хелинистичките центри и да го истакне значењето на хелинистичкиот период (Александрија, Пергамон, Родос). | |

## НАСТАВНА ТЕМА: СТАРИОТ РИМ

| СОДРЖИНИ | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
|---|---|---|
| 1. НАСТАНОК НА РИМСКАТА ДРЖАВА | - Учениците да ја опишат територијата и населението на просторот на настанување на римската држава;<br>- да го опишат настанувањето на градот Рим;<br>- да го опишат општественото уредување во римската држава;<br>- да се запознаат во што се состоеле спротивностите во римската држава преку патрициите и плебејците. | - Карта на Апенинскиот Полуостров;<br>- карта – Римски освојувања;<br>- историски атлас;<br>- историска читанка;<br>- радиоемисија – кои биле Етрурците;<br>- портрет – Ханибал, римски пешак;<br>- слики – браќа Грах;<br>- дијафилм – Стариот Рим;<br>- долгометражен филм - Античкиот Рим;<br>- да се работи преку истражување и употреба на повеќе техники и самите ученици да прават заклучоци. |
| 2. ЈАКНЕЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА РИМСКАТА ДРЖАВА | - Учениците да се запознаат со јакнењето и проширувањето на римската држава и нејзиното прераснување во империја;<br>- да се запознаат во што се состоеле спротивностите во римската држава преку борбата помеѓу патрициите и плебејците и прогласување на Републиката;<br>- да знаат за Рим во времето на Републиката;<br>- да знаат како римската држава станала царство; подем и слабеење на државата;<br>- да ги наведат римските освојувања на трите континенти. | |

| | | |
|---|---|---|
| 3. ВНАТРЕШНИ БОРБИ ВО РИМСКАТА ДРЖАВА | - Учениците да знаат да прават разлика помеѓу робовите и селаните, патрициите и плебејците, да ги воочуваат причините за незадоволството на селаните, реформите на браќата Граси за надминување на кризата на римското општество;<br>- да знаат за Спартаковото востание и граѓанските војни во империјата;<br>- да го опишат слабеењето на државата и појава на колонатот. | |
| 4. РИМСКАТА КУЛТУРА | - Учениците да ја објаснуваат општествената основа и функцијата на религијата;<br>- да знаат за појавата и ширењето на христијанството и неговото претворање во државна религија;<br>- да ги препознаваат карактеристичните белези на римската култура, книжевност, наука, уметност и да го истакнуваат придонесот на оваа култура кај другите народи. | |
| 5. ПОЈАВА НА ХРИСТИЈАНСТВОТО | - Учениците да се запознаат со појавата и ширењето на христијанството (верувањето во еден бог);<br>- да знаат дека христијанската религија станала религија на народните маси; христијански општини и катакомби;<br>- да знаат за Божјиот син Исус Христос и неговото учење, светото писмо и апостолите;<br>- христијанството станува државна религија;<br>- односот на римската држава кон христијанството. | |

| НАСТАВНА ТЕМА: БАЛКАНОТ И МАКЕДОНИЈА ПОД РИМСКА ВЛАСТ | | |
|---|---|---|
| **СОДРЖИНИ** | **ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ** | **СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ** |
| 1. ИЛИРИТЕ ПОД РИМСКА ВЛАСТ | - Учениците да се запознаат со Римско-илирските војни и паѓањето на Илирија под римската управа;<br>- да знаат за илириските востанија против римската власт;<br>- да знаат за појавата и ширењето на христијанството во Илирија. | - Карта на Балканскиот Полуостров;<br>- историски атлас;<br>- историска читанка;<br>- бројни илустрации на слики;<br>- да се работи преку истражување и повеќе техники и самите ученици да прават заклучоци. |
| 2. МАКЕДОНИЈА ПОД РИМСКА ВЛАСТ | - Учениците да ги воочуваат заедничките обиди за отпор на покорените балкански народи против римската власт – паѓање на Македонија под римска власт и воспоставување на римска управа;<br>- да знаат за Македонија како римска провинција – Македонско – римски војни;<br>- да знаат да ги лоцираат остатоците на материјалната култура во Македонија. | |
| 3. ПОЈАВА И ШИРЕЊЕ НА ХРИСТИЈАНСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА | - Учениците да знаат да ги опишуваат христијанските заедници и св. Апостол Павле и да знаат како било прифатено и проширувано христијанското учење. | |



Georg-Eckert-Institut für internationale Schulbuchforschung Braunschweig -Schulbuchbibliothek-

| | | |
|---|---|---|
| 4. КУЛТУРАТА ВО ВРЕМЕ НА РИМСКОТО ВЛАДЕЕ-ЊЕ | - Учениците да знаат да го опишат културното живеење и промените на начинот на живеење на народите на Балканот;<br>- да формираат претстави за начинот на живеење и процесот на романизација во Македонија;<br>- да знаат за градбите на градовите на Римјаните во Македонија. | |
| 5. ПРОПАЃАЊЕ НА РИМСКАТА ДРЖАВА | - Учениците да го опишат воспоставувањето на доминатот за да се спаси империјата од про-паѓање;<br>- да ги воочуваат внатрешните и надворешните причини за пропаѓање на Западното Римско Царство и поделбата на империјата. | |

## ОСНОВНИ ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ

**Ученикот во V одделение стекнал основни знаења и способности како:**

- опишува што проучува и истражува историјата;
- знае кои се историските извори – материјални, пишани, усни;
- го разликува сметањето на времето кај старите народи;
- знае за временските единици – десетолетие, столетие, илјадалетие;
- ги именува историските периоди (стар, среден век, нов и најново време);
- го разбира еволутивниот развиток на човекот;
- го разликува животот на луѓето во најстарата заедница;
- знае за појавата на сточарството и земјоделството;
- го опишува општествениот живот во ордата, родот, братството, племето;
- знае за користењето на металите, размената на производи;
- го разбира процесот на распаѓање на првобитната заедница;
- опишува како настанува приватната сопственост и ги истакнува причините за појава на државата;
- разликува што е тотем, што многубоштво;
- набројува кои се остатоци од материјалната култура во Македонија;
- ги потенцира основните карактеристики на државите на речните цивилизации од стариот Исток;
- знае што се номи, иригационен систем, фараон;
- ги разликува писмата (клинесто, сликовно, гласовно);
- ги споредува верувањата кај народите од земјите на стариот Исток;
- знае кое е Хомерово време;
- го образложува поимот колонизација;
- прави разлика помеѓу спартанците, периеките, хелотите, евпатридите, демосот;
- знае за спартанското востание и за атинската демократија;
- ги определува природните услови, територијата, формирањето на државите на старите балкански народи;
- го објаснува формирањето на македонската држава и нејзиниот подем во времето на Филип II;
- ги набројува походите на Александар III Македонски;
- го познава поимот хеленизам и центрите на таа култура;
- ги разликува патрициите, плебејците, робовите и слободните селани;

- го образложува поимот реформа, триумвират, принципат, колонат;
- го опишува настанувањето на христијанството;
- ги набројува причините за пропаѓање на римската држава;
- ги опишува судирите на Римјаните со Илирите, Македонците, Грците;
- знае што се провинции, намесници;
- го разбира процесот на романизација.

## ПРОФИЛ НА НАСТАВЕН КАДАР

- Филозофски факултет – Институт по историја;
- Педагошки факултет – Институт по историја – географија.

## НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ЈА ИЗГОТВИ РАБОТНАТА ГРУПА:

1. Живко СТЕПАНОСКИ, раководител, педагошки советник по историја во БРО
2. д-р Виолета АЧКОСКА , професор на Филозофскиот факултет – Скопје
3. д-р Тодор ЧЕПРГАНОВ, Институт за национална историја - Скопје
4. д-р Коста АЏИЕВСКИ, професор на Филозофскиот факултет - Скопје
5. д-р Рамиз АБДУЛИ, Институт за национална историја – Скопје
6. д-р Сефедин ЕЛЕЗИ, Министерство за образование и наука
7. д-р Халим ПУРЕЛКУ, професор во Гимназијата “Зеф Луш-Марку’ – Скопје
8. Невена ПЕТКОСКА, професор во ОУ “Димо Хаџи – Димов” – Скопје
9. Хидаета МУСЛИУ, наставник во ОУ “Љубен Лапе” – Скопје
10. Неби ДЕРВИШИ, професор во УСО “Нико Нестор’ – Струга
11. Миланчо ПЕТКОВ, педагошки советник по историја во БРО